# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.188 од 31.12.2013 година**

**Член 1**

Во Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11 и 84/12), во членот 5 ставот (3) се менува и гласи:
"Пазарната вредност од ставот (1) на овој член се утврдува според Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот."
Ставот (4) се брише.
Ставот (5) станува став (4).

**Член 2**

Во членот 8 точката 4 се менува и гласи:
„верски објекти во кои се врши богослужба, молитва и други манифестации на верата како храм, џамија, молитвен дом, синагога, гробишта и други простории на црква, верска заедница и религиозна група;".
Точката 9 се менува и гласи:
„објекти наменети за примарна обработка на земјоделски производи, и тоа:
- објекти наменети за одгледување на добиток и риби,
- објекти за сместување на опрема за следење на квалитетот и безбедноста на примарните сточарски и земјоделски производи на земјоделско стопанство,
- објекти за сместување и одржување на земјоделска механизација, приклучна опрема и други превозни средства и опрема на земјоделско стопанство,
- објекти за складирање, прием, чување и пакување на примарни земјоделски и сточарски производи и храна за животни на земјоделско стопанство,
- објекти, собирни центри за млеко, печурки и лековити растенија,
- резервоари за вода поврзани со активности во земјоделско производство на земјоделско стопанство и
- објекти за третман на отпад од активности во земјоделско производство на земјоделско стопанство."

**Член 3**

Во членот 14 зборовите: "став (4)" се заменуваат со зборовите: "став (3)".

**Член 4**

Во членот 21 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:
"(5) При реализирана продажба на недвижен имот во постапка на јавно наддавање спроведена од државни органи и единиците на локалната самоуправа, даночна основа е постигнатата продажна цена во постапката на јавно наддавање."
Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите: "став (4)" се заменуваат со зборовите: "став (3)".

**Член 5**

Во членот 25 став (1) точка 1 зборовите: „комасација и" се бришат.
По точката 4 се додаваат три нови точки 5, 6 и 7, кои гласат:
„5) на прометот на недвижности во постапката на конфискација;
6) на прометот на станови во општествена сопственост, доколку во купопродажниот договор не е уредено чија е обврската за плаќање на данокот;
7) кога правото на сопственост на недвижност се пренесува на државни органи заради наплата на побарувања во стечајни и извршни постапки;".

Точките 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат точки 8, 9, 10, 11 и 12.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.